**ФИЛАНТРОПИЈА**
ЧОВЕКОЉУБИЕ НА ДЕЛО

CIVICA mobilitas
...towards common values!

# Предлог проекти за подрачјето на општините Охрид и Струга

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ
СТРУГА

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# Предлог проекти
# општина Охрид

# *Предлог проект бр.1*

| | |
|---|---|
| **Намена** | ЈОУДГ „Јасна Ристеска" Охрид која ја сочинуваат пет објекти: „Централна Градинка", „Развигорче", „Билјана", „Росица" „Лихнида" и објектите во селата Велгошти и Лескоец. |
| **Предлог проект** | Реконструкција на дограма ( поставување на ПВЦ прозорци) на две занимални во објектот „Билјана". |
| **Цел** | Подобрување на условите во градинката за престој на дечињата. Сите објекти кои ја сочинуваат градинката се наменски градени за згрижување на дечиња, но истите се користат по 20 односно 30 години, па голем дел од нив се амортизирани и е потребно реновирање. Во најлоша состојба е дограмата на објектите. Поради оштетувањата на прозорците често се создава провев кој покрај тоа што го загрозува здравјето на децата ги зголемува и трошоците на градинката за огрев во зимските месеци. |
| **Износ** | Ќе биде утврден по детална пресметка. |
| **Контакт** | 046/231-465<br><br>046/262-348 – Централна градинка |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација пожелно е да се донираат детски постелнини и ќебиња, кои се водат како потрошен материјал бидејќи постојано се користат и се оштетуваат. |

# Предлог проект бр.2

| | |
|---|---|
| **Намена** | ЈОУДГ „Јасна Ристеска" Охрид која ја сочинуваат пет објекти: „Централна Градинка", „Развигорче", „Билјана", „Росица" , „Лихнида" и објектите во селата Велгошти и Лескоец. |
| **Предлог проект** | Набавка на реквизити и играчки по мерка на децата кои овозможуваат нивен правилен раст и развој. |
| **Цел** | Подобрување на условите за забава на дечињата додека престојуваат во градинката. Секоја занимална во објектите е располага со соодветни детски катчиња како што се: Семејно-драмско катче, Математичко катче, Јазично катче, Уметничко катче, Научно-истражувачко катче, Сцена за куклени претстави, Катче за изложби, итн. Секое од овие катчиња е опремено со играчки, средства и детски реквизити. Оваа опрема секојдневно се користи, а со тоа тековно се амортизира и оштетува, па потребно нејзино често менување. Помошта во ваков вид на средства и опрема секогаш е добредојдена во ваквите установи. |
| **Износ** | Од 200 до 1000 евра во материјална вредност. |
| **Контакт** | 046/231-465<br><br>046/262-348 – Централна градинка |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација пожелно е да се донираат детски постелнини и ќебиња, кои се водат како потрошен материјал, бидејќи постојано се користат и се оштетуваат. |

# Предлог проект бр.3

| | |
|---|---|
| **Намена** | Населба „Црногорци", Охрид. Се работи за една од понаселените охридски населби , која се наоѓа на околу два километри од центарот на градот. |
| **Предлог проект** | Поставување на Детско игралиште со детски реквизити за забава и рекреација. |
| **Цел** | Подобрување на условите за забава, рекреација и спортување на децата кои живеат во оваа населба. Населбата „Црногорци" не располага со ваков вид на детски рекреативен центар, па децата се принудени да играат на улиците низ населбата со што се загрозува нивната безбедност. Поради оддалеченоста од центарот на градот, родителите ретко имаат можат да ги носат редовно своите деца на рекреирање. Со поставување на едно вакво детско игралиште ќе се реши овој рекреативен аспект за децата од оваа населба. |
| **Износ** | Ќе се утврди во зависност од големината на паркот каде би се дозволило негово поставување (од 500 до 2000 евра). |
| **Контакт** | 046/262-492 - Локална самоуправа Охрид |
| **Забелешка** | / |

# *Предлог проект бр.4*

| | |
|---|---|
| **Намена** | Дневен центар за лица со попреченост „Зраци" Охрид кој работи во простории на ОУ.„Братство Единство", кај Крст Џамија. |
| **Предлог проект** | Набавка на Пумпа за одвод |
| **Цел** | Подобрување на условите за дневен престој на лицата со попреченост и намалување на проблемите со одводот кои се присутни подолг временски период. Условите за социјализација на лицата со пречки во интелектуалниот развој од Охрид, значително се подобрени со отварањето на овој Центар за лица со интелектуална попреченост. Специјализираниот дневен центар, кој функционира повеќе од 10 години, во голема мера ја има олеснето обврската на семејствата околу згрижување и чување на овие лица. Во оваа установа со осумчасовен дневен престој се згрижуваат лица на различна возраст кои имаат тешки или умерени пречки во психичкиот развој. |
| **Износ** | Пресметката може да се добие кај одговорните лица во центарот. |
| **Контакт** | Во центарот Зраци. |
| **Забелешка** | Доколку не може да се обезбеди ваква донација пожелно е да се донира инвентар и реквизити за потребите на центарот или да се обезбеди помош за решавање на работнито статус на Дефектологот и Социјалниот работник кои работат волонтерски веќе неколку години. |

# *Предлог проект бр.5*

| | |
|---|---|
| **Намена** | Геријатриско одделение  ЈЗУ Општа Болница, Охрид |
| **Предлог проект** | Набавка на ТВ приемници и реквизити за забава |
| **Цел** | Подобрување на условите за престој и забава на старите лица кои престојуваат во одделението. Ова болничко одделение речиси постојано работи со полн капацитет и постојано се соочува со амортизација на постоечката опрема и инвентар. Исто така се соочува и со недостиг на современи средства за забава и рекреација на згрижените пациенти. |
| **Износ** | Од 200 до 1500 евра во материјална вредност. |
| **Контакт** | 046/262 395-Управа на болницата |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација пожелно е да се донира болничка постелнина, која е еден вид потрошен материјал бидејќи со редовното користење и одржување постојано се оштетува. |

# Предлог проект бр.6

| | |
|---|---|
| **Намена** | Детско одделение ЈЗУ Општа Болница, Охрид |
| **Предлог проект** | Набавка на ТВ приемници, детски реквизити и играчки |
| **Цел** | Подобрување на условите за престој и забава на дечињата кои болнички се лекуваат на одделението. Болничкиот третман на дечињата е многу посложен отколку третманот на возрасни. Во зависност од лекувањето дечињата мора да лежат по неколку дена или недели, па често болничкиот престој им преставува потешкотија, доколку немаат со што да го пополнат времето. Затоа одделението постојано има потреба од разични реквизити, ТВ приемници и играчки за забава. |
| **Износ** | Од 200 до 1500 евра во материјална вредност. |
| **Контакт** | 046/262 395-Управа на болницата |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација, пожелно е да се донира болничка постелнина, која е еден вид потрошен материјал бидејќи со редовното користење и одржување постојано се оштетува. |

# *Предлог проекти*
# *општина Струга*

# *Предлог проект бр.1*

| | |
|---|---|
| **Намена** | Детски диспанзер -ЈЗУ - Здравствен дом  Струга |
| **Предлог проект** | Реконструкција на покривот на објектот каде што е сместена Итната медицинска помош со домашно лекување |
| **Цел** | Подобрување на условите за примарна здравствена заштита и третман  на доенчињата и децата, како и подобрување на условите за работа на вработените. Објектот во кој функционира Детскиот диспанзер во Струга е постар повеќе од 50 години. Со самата старост објектот е многу амортизиран и потребна е негова целосна санација. Санацијата е исклучително потребна за покривот на објектот, кој во последните години прокиснува за време на зимските месеци. Исто така истиот е направен од азбесен материјал, кој е штетен по здравјето и за пациентите и за вработените. |
| **Износ** | Изготвен е буџетски план и програма од страна на одговорните служби, кој може да се добие по потреба. |
| **Контакт** | 046/786-012<br>046/786-009 –Управа на Здравствениот дом |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација, пожелно е да се донира инвентар и инструменти за потребите за работа на диспанзерот. |

# Предлог проект бр.2

| | |
|---|---|
| **Намена** | Болнички одделенија на ЈЗУ Општа Болница Струга |
| **Предлог проект** | Набавка на болнички постелнини и душеци |
| **Цел** | Подобрување на условите за лекување и престој на пациентите на болничките одделенија. Општата болница во Струга секојдневно болничи згрижува и лекува голем број пациенти од струшкиот регион. Поради големата фреквенција на користењена болничкиот капацитет оваа здравствена установа се соочува со амортизација на болничкиот инвентар и на душеците од болничките кревети, а често има и недостиг на болничка постелнина. |
| **Износ** | Од 500 до 1500 евра во материјална вредност |
| **Контакт** | 046/786-008 Управа на болницата |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација може да се изврши набавка на играчки и детски реквизити за Детското одделение при болницата. |

# Предлог проект бр.3

| | |
|---|---|
| **Намена** | Операциона сала во ЈЗУ Општа Болница Струга |
| **Предлог проект** | Набавка на Апарат за анестезија |
| **Цел** | Подобрување на условите за изведување на оперативните зафати и побезбедно третирање и згрижување на пациентите при оперативните зафати. Во операционите сали на Општата болница во Струга секојдневно хируршки се интервенира на голем број пациенти, па потребата од соодветна и модерна операциона опрема е неминовна. Поради зголемениот обем на работа во последниот период операционата сала се соочува со недостиг на еден апарат за анестезија, кој игра значајна улога за безбедно одвивање на операционите зафати. |
| **Износ** | Цената на апаратот е различна во зависност од производителот и потеклото. |
| **Контакт** | 046/786-008 Управа на болницата |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација, може да се изврши набавка на хируршки инструменти, кои исто така се исклучително потребни за безбедно одвивање на хируршките зафати. |

# Предлог проект бр.4

| | |
|---|---|
| **Намена** | ОУ„Браќа Миладиновци“ (старо училиште), Струга |
| **Предлог проект** | Предлог проект Реконструкција на санитарен јазол – училишен тоалет и реконструкција и бојадисување на училишен хол |
| **Цел** | Подобрување на условите за престој на учениците во училиштето. Објектот е многу стар, амортизиран и потребна е негова целокупна санација. Во најлоша состојба се наоѓа санитарниот јазол и училишниот хол поради кои не се задоволуваат пропишаните стандардите со кои треба да располага еден училишен објект. |
| **Износ** | Од 500 до 2000 евра |
| **Контакт** | 046/786-360;<br><br>046/781-890-Управа на училиштето |
| **Забелешка** | Доколку не е возможен ваков проект, училиштето има потреба и од училишен инвентар и реконструкција на училниците. |

# *Предлог проект бр.5*

| | |
|---|---|
| **Намена** | ЈОУДГ„8-ми март", Струга ја сочинуваат два објекти: „Централната градинка" и „Пеперутка". |
| **Предлог проект** | Поставување на детско игралиште во еден од објектите на градинката. |
| **Цел** | Подобрување на условите за престој и забава на дечињата од градинката. Во оваа детска установа во согласност со законските регулативи се реализира воспитно-образовната програма со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки преку тематско планирање и реализирање на содржините. Во рамки на програмата се предвидени активности кои ќе им помогнат на дечињата да растат, да се развиваат , да напредуваат на социјален, емоционален и физички план. Освен воспитно - образовниот процес кој се изведува во занималните програмата предвидува и активности надвор од објектот, односно во дворот на градинката за што се потребни соодветни детски игралишта и реквизити. Но, детските игралишта во објектите на градинката во Струга се застарени, амортизирани и нефукционални, па потребно е да се заменат со нови. |
| **Износ** | Ќе се утврди во зависност од големината на паркот (од 500 до 1500 евра). |
| **Контакт** | 046/522-106- Управа на градинката |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација, пожелно е да се донираат детски постелнини и ќебиња, кои се водат како потрошен материјал, бидејќи постојано се користат и се оштетуваат. |

# Предлог проект бр.6

| | |
|---|---|
| **Институција** | ЈОУДГ „8-ми март", Струга ја сочинуваат два објекти: „Централната градинка" и „Пеперутка". |
| **Предлог проект** | Набавка на реквизити и играчки кои овозможуваат нивен правилен раст и развој. |
| **Цел** | Подобрување на условите за забава на дечињата додека престојуваат во градинката. Секоја занимална во објектите е располага со соодветни детски катчиња како што се: Семејно-драмско катче, Математичко катче, Јазично катче, Уметничко катче, Научно-истражувачко катче, Сцена за куклени претстави, Катче за изложби, итн. Секое од овие катчиња е опремено со играчки, средства и детски реквизити. Оваа опрема секојдневно се користи, а со тоа тековно се амортизира и оштетува, па потребно нејзино често менување. Помошта во ваков вид на средства и опрема секогаш е добредојдена во вакивте установи. |
| **Износ** | Од 200 до 1000 евра во материјална вредност |
| **Контакт** | 046/522-106- Управа на градинката |
| **Забелешка** | Доколку не е возможна ваква донација пожелно е да се донираат детски постелнини и ќебиња, кои се водат како потрошен материјал, бидејќи постојано се користат и се оштетуваат. |

**Л**ОКАЛНА
**А**ГЕНЦИЈА ЗА
**Р**АЗВОЈ

СТРУГА

www.ldastruga.org